Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЗРНОВЦИ
Бр. 09-705/1
03.07 2023
Зрновци

Врз основа на член 45 од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Северна Македонија бр.32/2020 и бр.111/2023) Градоначалникот на Општина Зрновци донесе

# ОДЛУКА

За распишување на Јавен повик за спроведување на постапка за изработување на урбанистички планови за село со разработка на урбанистички блокови

**Член 1**

Со оваа Одлука се распишува јавен повик за изработување на:

- Урбанистички план за село Зрновци со разработка на блок 11, со површина од 11,0 ха, КО Зрновци, Општина Зрновци

- Урбанистички план за село Мородвис со разработка на Блок 14, Блок 20, Блок 21, Блок 22, со вкупна површина 11,26 ха, КО Мородвис, Општина Зрновци

**Член 2**

Јавниот повик за избор на изработувач на урбанистички планови за село со разработка на урбанистички блокови ќе биде објавен во информацискиот систем е-урбанизам и на веб страната на општина Зрновци.

**Член 3**

Вредноста на понудата да биде согласно Тарифникот за вредност на работите од урбанистичко планирање бр.02-4059/1 од 07.06.2021г.(Сл.весник на РСМ бр.140/21).

**Член 4**

Јавниот повик ќе трае 15 календарски дена од денот на објавување на јавниот повик.

**Член 5**

Јавниот повик ќе го спроведе комисија за спроведување на постапка по јавен повик за изработување на урбанистички планови за село со разработка на урбанистички блокови.

**Член 6**

Постапката за избор на изработувач се спроведува доколку е пристигната најмалку една понуда.

**Член 7**

Комисијата во рок од 5 работни дена од денот на отворањето на понудите ќе изврши евалуација на понудите и ќе изготви извештај со предлог за избор на изработувач на урбанистичките планови за село со разработка на урбанистички блокови.

Изработил: Вера Арсова

Vera Arsova Digitally signed by Vera Arsova Date: 2023.07.04 17:20:52 +02'00'

Контролирал: Методи Николов

Metodi Nikolov

ОПШТИНА ЗРНОВЦИ
Градоначалник
Борчо Коцев

Borcho Kocev